Број: 02 _____
_____ 2013 година
С к о п ј е

ЗАПИСНИК
од СХХХIII -та седница на Управниот одбор на
Фондот за здравствено осигурување на Македонија,
одржана на 18.07.2013 година со почеток во 10.50 часот во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

Присутни членови на Управниот одбор:

- *Ангел Митевски, претставник од Министерството за здравство - претседател;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија – член;*
- *Проф. Д-р Елизабета Србиновска Костовска, претставник на Стопанската комора на Македонија – член;*
- *Прим. М-р Д-р Илија Глигоров, претставник на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија – член;*
- *Д-р Јосиф Трајковски, претставник на Стоматолошката комора на Македонија – член.*

Отсутни членови на Управниот одбор:

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Проф. Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија – член.*

Присутни од ФЗОМ:

- *Џемали Мехази, директор на ФЗОМ;*
- *Јован Грповски, В.Д. директор на ФЗОМ;*
- *Гоце Гаврилов, директор на секторот за информатика (делумно присутен);*
- *Марија Јаневска, републички контролор од секторот за фармација*
- *Бранислава Катушевска, раководител на одделението за буџетска координација, преговарање и договарање (делумно присутна);*
- *Јасмина Смилевска, шеф на одделот за болничка здравствена заштита (делумно присутна);*
- *Снежана Ќовкароска Шилоска, раководител на одделението за буџетска и финансиска контрола (делумно присутна);*
- *Емилија Божиновска, шеф на одделот за здравствено осигурување (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, раководител на одделението за регрес и судски постапки, во својство на записничар.*

Седницата ја отвори и ја водеше претседателот на Управниот одбор, Ангел Митевски. Утврди дека на седницата се присутни пет членови на Управниот одбор, со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, по што го прочита претходно доставениот

П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. *Предлог за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
2. *Предлог за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
3. *Предлог за донесување на Правилник за изменување и дополнување на правилникот за формата и содржината на здравствената легитимација и за начинот за нејзиното издавање, водење и користење;*
4. *Предлог за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала;*
5. *Предлог за утврдување на референтна цена на очна протеза-привремена;*
6. *Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
7. *Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2013 година;*
8. *Анализа на остварување на договорениот вид и обем на здравствени услуги на јавните здравствени установи за периодот јануари - март 2013 година;*
9. *Анализа на специфичниот вид и обем на здравствени услуги за периодот јануари - март 2013 година;*
10. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика во 2013 година (промена на надоместокот на една здравствена установа);*
11. *Предлог за изменување на посебните надоместоци во вкупниот надоместок за 2013 на ПЗУ Клиничка болница Аџибадем Систина и ПЗУ Специјална болница Филип Втори;*
12. *Информација за договорните надоместоци и фактурираните здравствени услуги за медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување – бањи за 2011 и 2012 година со предлог за спојување на договорниот период во еден и порамнување на плаќањата со вкупно фактурираните услуги;*
13. *Предлог за утврдување на ново оддалечено рурално подрачје Долнени;*
14. *Разгледување на барања упатени до Управниот одбор;*
15. *Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2013 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
16. *Извештај од финансиски контроли на јавни здравствени установи за периодот 1 јануари – 31 декември 2012 година;*
17. *Разно.*

Потоа предложи, точката 12 од предлог - дневниот ред да не се разгледува на денешната седница туку кога ќе се разгледуваат надоместоците и на другите здравствени установи на есен. Исто така предложи по барање на Фондот дневниот ред да се дополни со нова точка – Предлог за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување договори и постапка за остварување на правото и начинот на плаќање на здравствените услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување во здравствените установи кои вршат специјалистичко -консултативна здравствена заштита.

Предлозите беа едногласно прифатени од Управниот одбор, по што за работата на CXXXIII -та седница се усвои следниот

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. *Предлог за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
2. *Предлог за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
3. *Предлог за донесување на Правилник за изменување и дополнување на правилникот за формата и содржината на здравствената легитимација и за начинот за нејзиното издавање, водење и користење;*
4. *Предлог за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала;*
5. *Предлог за утврдување на референтна цена на очна протеза-привремена;*
6. *Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
7. *Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2013 година;*
8. *Анализа на остварување на договорениот вид и обем на здравствени услуги на јавните здравствени установи за периодот јануари - март 2013 година;*
9. *Анализа на специфичниот вид и обем на здравствени услуги за периодот јануари - март 2013 година;*
10. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика во 2013 година (промена на надоместокот на една здравствена установа);*
11. *Предлог за изменување на посебните надоместоци во вкупниот надоместок за 2013 на ПЗУ Клиничка болница Аџибадем Систина и ПЗУ Специјална болница Филип Втори;*
12. *Предлог за утврдување на ново оддалечено рурално подрачје Долнени;*
13. *Разгледување на барања упатени до Управниот одбор;*

14. *Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2013 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
15. *Извештај од финансиски контроли на јавни здравствени установи за периодот 1 јануари – 31 декември 2012 година;*
16. *Предлог за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување договори и постапка за остварување на правото и начинот на плаќање на здравствените услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување во здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита;*
17. *Разно.*

Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред, по редоследот како што е забележано во записникот.

ТОЧКА 1 - *Предлог за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување*

Објаснување за првата како и за втората и третата точка даде Гоце Гаврилов наведувајќи дека измените се предлагаат заради воведување на можноста преку веб порталот на Фондот да се врши избор и промена на избраниот лекар.

По објаснувањето, Управниот одбор едногласно го донесе предложениот

Правилник
за изменување и дополнување на правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување

ТОЧКА 2 – *Предлог за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување*

По објаснувањето во врска со првата точка на дневниот ред, Управниот одбор едногласно донесе и

Одлука
изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на обрасците предвидени во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување

ТОЧКА 3 - *Предлог за донесување на Правилник за изменување и дополнување на правилникот за формата и содржината на здравствената легитимација и за начинот за нејзиното издавање, водење и користење*

По објаснувањето во врска со првата точка на дневниот ред, Управниот одбор едногласно донесе и

Правилник
за изменување и дополнување на правилникот за формата и содржината на здравствената легитимација и за начинот за нејзиното издавање, водење и користење

ТОЧКА 4 - *Предлог за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала*

Директорот Грповски ги објасни измените на правилникот кои се предлагаат. Наведе дека најголемиот дел од нив се однесуваат на скратување на рокот на користење на ортопедски помагала. Покрај тоа, се воведува ново помагало - привремена очна протеза за сите возрасни групи и се вршат измени во начинот на остварување на правото на две ортопедски помагала.

По објаснувањето и дискусијата на членовите, Управниот одбор едногласно го донесе предложениот

Правилник
за изменување и дополнување на правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала

ТОЧКА 5 - *Предлог за утврдување на референтна цена на очна протеза-привремена*

Во врска со измените на правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала од претходната точка на дневниот ред, Управниот одбор едногласно донесе и

Одлука
за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурените лица можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

со која се утврдува референтна цена за новововеденото помагало - привремена очна протеза.

ТОЧКА 6 - *Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

Објаснување по оваа точка на дневниот ред даде Марија Јаневска. Наведе дека се предлага дополнување на одлуката со додавање на нови заштитени имиња на готови лекови за генерики со фармацевтска дозажна форма и јачина кои веќе имаат утврдена референтна цена. Дополнувањата се побарани со дописи од неколку увозници и производители. Исто така, при проверка на податоците за лекови од важечката одлука за утврдување на референти цени на лекови според податоци објавени на официјалната веб страна на Министерство за здравство – Биро за лекови, се утврди дека има регистрирани нови готови лекови за генерики со фармацевтска дозажна форма и јачина со утврдена референтна цена кои не се содржани во одлуката и поради тоа е потребно истата да се дополни со тие лекови. Покрај тоа, лековите кои се содржани во важечката одлука а не се наоѓаат на официјалната веб страна на Бирото за лекови како регистрирани лекови, потребно е да се избришат од одлуката како и лековите кои според известување од Министерство за здравство – Биро за лекови, не се во промет во земјата. Овие измени не би предизвикале фискални импликации по буџетот на Фондот, бидејќи не би дошло до измена на референтните цени за тие лекови, а осигуренциите би добиле повеќе лекови за избор.

По објаснувањето и дискусијата на членовите на Управниот одбор во која на дополнителните прашања одговори даваа директорите Грповски и Мехази, Управниот одбор едногласно донесе

Одлука
за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

ТОЧКА 7 - *Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2013 година*

Директорите Грповски и Мехази објасниј дека поради технички проблеми во информатичкиот систем, односно поради невпарување на шифрите кај шест аптеки, се предлага корекција на квотите на овие аптеки согласно Правилникот за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средства кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот. Согласно правилникот, ревидирањето на квотите е направено врз основа на просечно месечно реализираните износи на квоти согласно податоците со кои располага Фондот во последните шест месеци.

По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе

Одлука
за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2013 година

ТОЧКА 8 - *Анализа на остварување на договорениот вид и обем на здравствени услуги на јавните здравствени установи за периодот јануари - март 2013 година*

Во рамките на оваа точка на дневниот ред, Бранислава Катушевска ја изложи Анализата на остварување на договорениот вид и обем на здравствени услуги на јавните здравствени установи за периодот јануари - март 2013 година пред Управниот одбор.

ТОЧКА 9 - *Анализа на специфичниот вид и обем на здравствени услуги за периодот јануари - март 2013 година*

Во рамките на оваа точка на дневниот ред, Бранислава Катушевска ја изложи Анализата на специфичниот вид и обем на здравствени услуги за периодот јануари - март 2013 година.

ТОЧКА 10 - *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика во 2013 година (промена на надоместокот на една здравствена установа)*

Во рамките на оваа точка на дневниот ред, врз основа на предлогот содржан во работниот материјал за седницата, Управниот одбор едногласно донесе

Одлука
за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика во 2013 година
со која се изврши измена на договорниот надоместок на една здравствена установа.

ТОЧКА 11 - *Предлог за изменување на посебните надоместоци во вкупниот надоместок за 2013 на ПЗУ Клиничка болница Аџибадем Систина и ПЗУ Специјална болница Филип Втори*

Директорот Грповски објасни дека предлогот за измена на Одлуката е по барање на здравствените установи Аџибадем Систина – Скопје поради тоа што бројот на васкуларните операции постојано расте како резултат на артериосклероза, а врз основа на извештаите на Асоцијациите на васкуларните хирурзи во Европа и во светот и по барање на Специјалната болница по хируршки болести „Филип Втори“ од Скопје, врз основа на зголемување на бројот на васкуларните операции и експанзијата на стент - третманот на коронарната болест. Во иднина, доколку се укаже потреба, прераспределбата на посебните надоместоци дополнително ќе се промени, согласно анализата на остварувањето. Со менувањето на посебните надоместоци не се менува вкупниот договорен надоместок на овие установи туку само се менува сообносот на средствата наменети за кардиохируршки и васкуларни интервенции.

По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе

Одлука
за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на ПЗУ Клиничка болница АЏИБАДЕМ СИСТИНА од Скопје за здравствени услуги од областа на кардиоваскуларната хирургија во 2013 година
и
Одлука
за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок што Фондот ќе го исплати на Специјалната болница по хируршки болести „Филип Втори“ за здравствени услуги од областа на кардиоваскуларната хирургија во 2013 година

со кои се извршија предложените измени.

ТОЧКА 12 - *Предлог за утврдување на ново оддалечено рурално подрачје Долнени*

По објаснувањето на Јасмина Смилевска а врз основа на анализата и предлогот содржан во работните материјали, Управниот одбор едногласно донесе
Одлука
за дополнување на Одлуката за утврдување на оддалечени рурални подрачја и места

со која се утврди ново оддалечено рурално подрачје Долнени.

ТОЧКА 13 - *Разгледување на барања упатени до Управниот одбор*

Во рамките на оваа точка на дневниот ред се разгледаа барањата на Дебарски Бањи-Цапа – Дебар, ПЗУ Цитолаб – Куманово, ПЗУ Отодент – Куманово, Здружение за спортска медицина во врска со утврдени референтни цени за спортска медицина, Аптека Еурофарм Битола, Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички болести – Скопје, Д-р Раими – Кичево, ПЗУ Поликлиника Кардиолаб Мацаров – Охрид, ПЗУ Уни медика – Куманово, Боро Добревски, Круна Дрил Скопје, ТП Цвета Петрушевска Пробиштип, ТП Кузе Пробиштип, Винарска визба Повардарие Неготино, АД Трансбалкан Гевгелија, Универзитетската клиника за дерматологија Скопје, ЈЗУ Здравствен дом Крива Паланка, ЈЗУ Здравствен дом Крива Паланка 2, ЈЗУ Здравствен дом Струмица, Аптека Ехинацеа Скопје, Аптека Еурофарм Битола и ПЗУ Тони Медика од Тетово.

Управниот одбор ја задолжи стручната служба на Фондот за одлуките по барањата да ги извести барателите.

***ТОЧКА 14 -** Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2013 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

Директорот Мехази објасни дека предлогот за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2013 година се состои во промена на очекуваниот почеток на две постапки и дополнување со постапка за сервисирање на УПС уреди.

По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе

Одлука
за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки за 2013 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

со која се извршија предложените измени и дополнувања на Годишниот план за јавни набавки за 2013 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

***ТОЧКА 15 –** Извештај од финансиски контроли на јавни здравствени установи за периодот 1 јануари – 31 декември 2012 година*

Во рамките на оваа точка на дневниот ред, Снежана Ќовкароска Шилоска го изложи Извештајот од финансиските контроли на јавните здравствени установи за периодот 1 јануари – 31 декември 2012 година по што членовите на Управниот одбор дискутираа и поставуваа прашања за делови од извештајот.

***ТОЧКА 16 –** Предлог за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување договори и постапка за остварување на правото и начинот на плаќање на здравствените услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување во здравствените установи кои вршат специјалистичко - консултативна здравствена заштита*

Предлогот го образложи Емилија Божиновска. Наведе дека со предложените измени и дополнувања се овозможува право на постапка за биомедицинско потпомогнато оплодување да имаат сите осигуреници во брачна односно вонбрачна заедница кај кои постои стерилитет (досега немале пород) односно апсолутни и релативни медицински индикации за неплодност, а се во согласност со медицината базирана на докази. Со тоа

осигуреното лице има право на биомедицинско потпомогнато оплодување на товар на Фондот најмногу до 3 обиди или до второ успешно раѓање на живо родено дете во рамките на трите обида. Ова е во насока на реализирање на националниот проект за зголемување на ниската стапката на наталитетот со кој Владата на РМ преку Фондот од септември 2008 година започна со издвојување на средства за таа намена. Во 2008 година се доуредија Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување, Законот за здравствената заштита и се донесе Правилникот за биомедицинско потпомогнато оплодување по што се започна со издвојување на средства за извршување на биомедицинско потпомогнато оплодување за осигуреници на товар на Фондот. Со заклучок на Владата, за оваа намена се одобрени финансиски средства во износ од 100.000.000 денари.

По објаснувањето и дискусијата по него, Управниот одбор едногласно

Правилник
за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување договори и постапка за остварување на правото и начинот на плаќање на здравствените услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување во здравствените установи кои вршат специјалистичко-консултативна здравствена заштита

со кој се изврши предложените измени и дополнувања.

ТОЧКА 17 - *Разно*

Во рамките на точката разно, Јосиф Трајковски побара честото практикување на седници без одржување на состанок односно преку гласање по пат на е-пошта од последните месеци да се напушти односно да се редуцира само за најнеопходни ситуации. Во барањето го поддржа и Љубиша Каранфиловски.

Со дискусијата за начинот на одржување на седниците на Управниот одбор, дневниот ред беше исцрпен и Управниот одбор во 11.50 часот заврши со работата на CXXXIII -та седница.

Записничар,
Христо Трповски

Управен одбор
Претседател,
Ангел Митевски

Согласен, директор:
Јован Грповски
Џемали Мехази Xhemali Mehazi